04.07.2017

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Демократска унија за интеграција (ДУИ), за текстот насловен „Video ekskluzive / Deputetët tjerë përgjaken, Grubi i BDI-së ik me buzëqeshje duke përshëndetur huliganët" („Ексклузивно видео / Груби од ДУИ бега со насмевка, поздравувајќи се со хулиганите, останатите пратенци раскрвавени"), објавен на интернет порталот Алмакос (www.almakos.com).**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите е прекршен во членот 1.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 12 мај 2017 година, Демократската унија за интеграција (ДУИ) поднесе жалба за текстот со наслов „Video ekskluzive / Deputetët tjerë përgjaken, Grubi i BDI-së ik me buzëqeshje duke përshëndetur huliganët" („Ексклузивно видео / Груби од ДУИ бега со насмевка, поздравувајќи се со хулиганите, останатите пратеници раскрвавени"), објавен на 29 април 2017 година во 20 часот и 16 минути, на интернет порталот Алмакос (www.almakos.com).

Во жалбата се наведува дека објавениот текст содржи навреда, лага, клевета и неетичко известување. Жалителот посочува дека наведениот медиум изнел невистини и оти треба да објави демант и извинување со идентичен простор, како и прилогот.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Алмакос" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Алмакос" не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на прилогот е **ОСНОВАНА.**

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и:

**Член 3 од Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите** (872 состанок од 12.02.2004 година), во кој се вели дека политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите, во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.

**Член 4 (Јавен надзор над функционери )** од истата Декларација во кој се вели дека функционерите мораат да го прифатат фактот дека, особено преку медиумите, се подложни на јавен надзор и критика во поглед на начинот на кој ја извршувале или извршуваат својата функција, онолку колку што е потребно за за обезбедувањетранспаретност и одговорно вршење на нивните функции.

**Пресудата на ЕСЧП Lingens v. Austria, 1986, § 42** каде Судот го наведе следново:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Границите на прифатлива критика се ... пошироки во однос на политичарите како такви отколку во однос на приватните лица. За разлика од приватните лица, политичарите неизбежно и свесно се изложуваат на остро испитување на секој нивни збор и дело, како од страна на новинарите, така и од страна на пошироката јавност и, според тоа, мора да покажат поголем степен на толеранција.

**Пресудата на ЕСЧП Bladet Tromsø and Stensaas v. Norway, 1999, § 65.** каде Судот го наведе следново:

Слободата на медиумите не е апсолутна. Таа особено „подлежи на условот медиумите да дејствуваат во добра верба за да обезбедат точни и сигурни информации во согласност со новинарската етика".

***

На седницата на 13.06.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во него. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата констатираа дека прилогот произлегува од јавниот интерес и, како таков, работата на политичарите, во случајов, на пратеникот Артан Груби, претставува легитимна новинарска цел. Во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите и Пресудата на ЕСЧП Lingens v. Austria, политичарите и јавните функционери прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа и неизбежно и свесно се изложуваат на остро испитување на секој нивни збор и дело, како од страна на новинарите, така и од страна на пошироката јавност и, според тоа, мора да покажат поголем степен на толеранција.

Членовите на Комисијата најдоа дека, сепак, во текстот е прекршен горенаведениот член 1 од Кодексот на новинарите, затоа што авторот имал обврска, но не обезбедил став од сите засегнати од новинарски производ. Во оваа насока, посебно се издвојуваат следниве реченици од текстот:

***„Груби дури се поздравува и им се насмевнува на хулиганите додека истите ги напаѓаат и раскрвавуваат останатите беспомошни пратеници. Ова создава сомнежи во јавноста дека Груби би можел да биде вклучен во „режирањето„ на овој настан!?"***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Согласно ова , Комисијата се повика и на Пресудата на ЕСЧП Bladet Tromsø and Stensaas v. Norway каде се вели дека слободата на медиумите не е апсолутна. Таа особено „подлежи на условот медиумите да дејствуваат во добра верба за да обезбедат точни и сигурни информации во согласност со новинарската етика.

Па оттука, иако станува збор за ситуација каде е вмешан политичар, погазен е основниот постулат на новинарската професија да се обезбеди и „втора страна", односно да им се даде можност на сите засегнати да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот Алмакос (www.almakos.com), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595